**********************************************************************************************

# ОПШТИНА КРАТОВО

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КРАТОВО

*Број 8 Година 2018* *Претплата за 2018 година*
*16.05.2018 година* *изнесува ______________ денари*
*Кратово* *Тек. Сметка бр. ______________*
**********************************************************************************************

**Содржина** **Стр.**

- Заклучок за објавување на Одлука за потврдување на Одлуката за ставање вон сила на Одлуката за давање согласност на измената на годишниот план за вработување на општина Кратово за 2018 година ........................ 1
- Одлука за потврдување на Одлуката за ставање вон сила на Одлуката за давање согласност на измената на годишниот план за вработување на општина Кратово за 2018 година ........................ 1
- Заклучок за објавување на Одлука за ставање вон сила на Одлуката за давање согласност на измената на Годишниот план за вработување на Општина Кратово за 2018 година ........................ 2
- Одлука за ставање вон сила на Одлуката за давање согласност на измената на Годишниот план за вработување на Општина Кратово за 2018 година ........................ 2
- Заклучок за објавување на Одлука за овластување на Градоначалникот за разработка и имплементација на проект со Општина Јакоруда од Република Бугарија ........................ 3
- Одлука за овластување на Градоначалникот за разработка и имплементација на проект со Општина Јакоруда од Република Бугарија ........................ 3
- Заклучок за објавување на Одлука за усвојување на Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести во 2018 година........................ 4
- Одлука за усвојување на Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести во 2018 година........................ 4

**********************************************************************************************

****************************************************************************************************

**ПРИЛОЗИ:**


- Програма за спроведување на општи мерки за заштита
на населението од заразни болести во 2018 година.......................................... 9 стр.
- Решение за именување на вршител на должноста Директор
на ЈОУ Дом на култура "Лазар Софијанов"-Кратово..................................... 1 стр.
- Решение за именување на вршител на должноста Директор
на Јавната општинска установа за деца-Детска градинка
"Царка Андреевска"-Кратово.................................................................................. 1 стр.
- Решение за констатирање на престанок на мандат на
вршител на должност Директор на Средното Општинско
Училиште "Митко Пенџуклиски"-Кратово ..................................................... 1 стр.
- Решение за именување на вршител на должност Директор на
Средното Општинско Училиште "Митко Пенџуклиски"-Кратово ............ 1 стр.


****************************************************************************************************

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 16.05.2018 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за поврдување на Одлуката за ставање вон сила на Одлуката за давање согласност на измената на годишниот план за вработување на Општина Кратово за 2018 година**

**1.Се објавува: Одлука за поврдување на Одлуката за ставање вон сила на Одлуката за давање согласност на измената на годишниот план за вработување на Општина Кратово за 2018 година бр.09-838/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 08.05.2018 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08 - 881/1 | **Градоначалник**
16.05.2018 г. | **на Општина Кратово**
Кратово | Д-р Љупчо Бојаџиев, с.р.

Врз основа на член 51 став (2) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), а согласно членовите 15 и 20 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/2006), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 08.05.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за потврдување на Одлуката за ставање вон сила на Одлуката за давање согласност на измената на Годишниот план за вработување на Општина Кратово за 2018 година**

**Член 1**

Се потврдува Одлуката донесена на седницата на Советот од 25.04.2018 година со која се става вон сила Одлуката за давање согласност на измената на Годишниот план за вработување на Општина Кратово за 2018 година бр.09-689/1 донесена од Советот на Општина Кратово на 12.04.2018 година, а објавена во "Службен Гласник на Општина Кратово" бр.6/2018 година.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен Гласник на Општина Кратово".

09 - 838/1 | **Претседател**
08.05.2018 г. | **на Советот на општина Кратово**
Кратово | Ранко Арсов, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 16.05.2018 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за ставање вон сила на Одлуката за давање согласност на измената на Годишниот план за вработување на Општина Кратово за 2018 година**

**1.Се објавува: Одлука за ставање вон сила на Одлуката за давање согласност на измената на Годишниот план за вработување на Општина Кратово за 2018 година бр.09-763/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 25.04.2018 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08 - 882/1
16.05.2018 г.
Кратово

**Градоначалник**
**на Општина Кратово**
Д-р Љупчо Бојаџиев, с.р.

Врз основа на член 32 став (2) од Законот за административни службеници ("Службен весник на РМ" бр.27/2014, 199/2014 и 48/2015) член 36 став (1) Точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), а согласно членовите 15 и 20 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/2006), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 25.04.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за ставање вон сила на Одлуката за давање согласност на измената на Годишниот план за вработување на Општина Кратово за 2018 година**

**Член 1**

Со Одлуката се става вон сила Одлуката за давање согласност на измената на Годишниот план за вработување на Општина Кратово за 2018 година бр.09-689/1 донесена од Советот на општина Кратово на 12.04.2018 година а објавена во "Службен Гласник на Општина Кратово" бр.6/2018.

За оваа Одлука да биде известено Министерството за информатичко општество и администрација како надлежно министерство за давање мислење.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

09 - 763/1
25.04.2018 г.
Кратово

**Претседател**
**на Советот на општина Кратово**
Ранко Арсов, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 16.05.2018 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за овластување на Градоначалникот за разработка и имплементација на проект со Општина Јакоруда од Република Бугарија**

**1.Се објавува: Одлука за овластување на Градоначалникот за разработка и имплементација на проект со Општина Јакоруда од Република Бугарија бр.09-839/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 08.05.2018 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08 - 883/1
16.05.2018 г.
Кратово

**Градоначалник**
**на Општина Кратово**
Д-р Љупчо Бојаџиев, с.р.

Врз основа на член 14 став 4 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), а согласно членовите 13, 15 и 20 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/2006) и врз основа на вториот повик на Проект од Програмата за прекугранична соработка во рамките на ИНТЕРРЕГ-(Инструмент за претпристапна помош помеѓу Република Бугарија и Република Македонија), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 08.05.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за овластување на Градоначалникот за разработка и имплементација на проект со Општина Јакоруда од Република Бугарија**

**Член 1**

Со Одлуката Советот на општина Кратово го овластува Градоначалникот на општина Кратово да разработи и имплементира Проект во рамките на Специфичната цел 1.2 "Превенција и справување со последиците предизвикани од природни и човечки причинети катастрофи поврзани со приспособување-прилагодување на речните корита" со партнерската општина од Република Бугарија-Општина Јакоруда.

**Член 2**

Како сопственик на материјалните средства кои ќе бидат предмет на градежни работи Советот на општина Кратово дава согласност дека имотот-средствата се обезбедуваат бесплатно за потребите на проектот за последните 5 години по завршувањето на проектот.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на Општина Кратово".

09 - 839/1
08.05.2018 г.
Кратово

**Претседател**
**на Советот на општина Кратово**
Ранко Арсов, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 16.05.2018 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

**за објавување на Одлука за усвојување на Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести во 2018 година**

**1.Се објавува: Одлука за усвојување на Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести во 2018 година бр.09-840/2,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 08.05.2018 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08 - 884/1
16.05.2018 г.
Кратово

**Градоначалник**
**на Општина Кратово**
Д-р Љупчо Бојаџиев, с.р.

Врз основа на член 14, став 2 од Законот за заштита на населението од заразни болести ("Службен весник на РМ" бр.66/2004, 139/2008, 99/2009, 149/2014, 150/2015 и 37/2016), член 22 став 1 точка 9, член 36, став 1, точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), а во согласност со Стручниот елаборат и мислење на ЈЗУ Центар за јавно здравје Куманово бр.03-599/1 од 26.03.2018 година и Решение бр.08-584/1 од 22.03.2018 година и согласно членовите 15 и 20 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/2006), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 08.05.2018 година, донесе

## О Д Л У К А

**за усвојување на Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести во 2018 година**

### Член 1

Со Одлуката Советот на општина Кратово усвојува Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести во 2018 година.

Програмата е во прилог и е составен дел на оваа одлука.

### Член 2

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен Гласник на општина Кратово".

09 - 840/1
08.05.2018 г.
Кратово

**Претседател**
**на Советот на општина Кратово**
Ранко Арсов, с.р.